АЦО ШОПОВ

# П Е С Н И

★

1944
Срески МОМСМ – Куманово

## Б о р б а

Уши ми бучат, бучат и глу’нат,
грло ме стега - суши го сушат,
како у котел крвта ми врие
и сет играам и сет треперам,
а срце лудо у гради бие
и пот ме лие
и бес ме фаћа -
        На борба вие, поробени браћа,
На борба... или - ке се померам,
ке штукнам, море, од пуста мака,
и не ке можам да се соберам,
не ке си дојдам веке при себе,
не ке да трчам и се катерам,
по тиа гори китни високи,
не ке да викам песни бунтовни,
за крв, слободи, рани длбоки,
жлчки ке блуам, лека ке тлеам,
за младос бујна срце ке плака
а ја ке мреам!
Никога нема ја да запеам,
никога нема гради да згреам,
никога нема моата рака,
да фане верна пушка ајдушка!...
Како у котел крвта ми врие
и сет играам и сет треперам,

а срце лудо у гради бие
и пот ме лие и бес ме фаќа -
        На борба вие, поробени браќа!
Ја фркам, горам, од љута борба,
не стои глава веке у торба,
не гледат очи срамови тешки,
не носат зулум свиени,
Ја сакам да бидам,
ја сакам да видам,
крв, кокали, глави, раскинати црева,
тамо дека вечно грмежот одзева,
дека прскат бумби, картечници ржат,
тамо - дека како снопја покосени
паѓат мојте браќа - мили усми'нати
у крв потопени...
Сал тоа да видам,
сал тамо да бидам,
сред арсланска борба, знаме да развиам,
бунтовничка песна да викнам, запеам,
и после да паднам од куршум пронижан,
за да  з а ж и в е а м...

## <u>С о н</u>

Пред мене труп...
зад мене труп,
крај мојте нози се грчи брат
и крв му плиска од пресечен врат,
а напред там –
смачкани куп –
се труп врз труп!

Над мојта глава се цери смрт
и пишти зрно у мојте уши,
а гнев ме души
и вриам в’ јад
од љута борба ке штукнам млад!
Негден от там,
сред огин сам,
со страшен глас.

И секој рипа, и - секој скака
и бумби граба
со машка рака,
секој забрава
на бол
и стра,
и секој сака - на чело - прв,
да лее крв!...

Ранет
и здрав,
грбав
и прав,
сакат,
измачен,
дрипав,
бос,
без очи,
уши,
или нос,
со едно срце
и еден ум -
со гордос чека на куршум!

Не знаеш што е - млад или стар –
секој се бори со еден жар,
и клање бесни
и ужас цари
и паѓат мојте мили другари!

А сред нив –
ја стоам див -
развевам знаме на ветер лек,
а срце младо бие на штрек:
ја знам -
ке станам пепел.

Ете Го близу - Он се здал,
му маам рака безумно, лудо,
му маам, маам, маам,
бескрај, бескрај му маам!

А Он - сјаен како Аполон,
јаајки на својот ат
горде минава по Новиот Пат!

И пак од радос м’ облива пот,
и гори чело
и лице се жари -
за чекор само,
за педа сал,-
ете Го близу - Он стигнал,
му стискам рака безумно, лудо,
му стискам, стискам, стискам,
бескрај, бескрај му стискам,
и пак крикнуам облиен в’ пот:
                    - Здравеј Живот!
и се срушуам од зрно врело
крај ладните нози
                    на мојте другари!

# Предсмртното писмо на еден партизан

Куршум ме, мајко погоди,
погоди - гради пронижа,
очи ми гаснат, темнеат,
глава ми . . . .

сред расцвет - сили дренови,
сред виа борби народни,
и овој огин разгорен,
разгорен, мајко, расплaмнет
противу тија душмани
фашиски гнасни кучиња.

Ја знам, о мајко, син сум ти,
тешко е, мајко, жално е,
сокол да чуваш на раци
и сега да го изгубиш,
јунак да имаш безстрашен
и сега да го однемаш;
ја знам - ке плачеш по мене,
ке рониш слзи крвави,
ке питаш, ке распрашуваш
секаде каде достасаш:
„Кажите, браѓа, кажите,

жив ли е син ми, жив ли е
арсланот силен - војвода
на „Гоце Делчев“ одредот“?
Ја, мајко, в’ гроб ке изгниам
далеку тука в’ планина
пронижан, мајко, прострелан,
од љути куршум фашиски...
Ја знам - ке плачеш по мене
но чуј ме, мајко, почуј ме,
арно ме, мајко, ислушај
ислушај и се запомни:
напразно не сум загинал,
та да ме секој забрави,
нити сум паднал издајник
та да ме секој испљука,
испљука - злобно продума:
„Куче бил - нека црвјоса,“ -
туку сум, мајко, загинал
за тиа златни слободи,
за тиа свети правдини,
за кој, ле мајко, гинеа
нашите славни дедои,
нашите мили татковци,
за кој ле, славно гинеме
и ниа - нивни синои!
Не плачи, мајко, затрај се,
не жали, мајко, по мене,

избриши слзи крвави
раскини црна шамиа,
у раци знаме прифани,
на рамо пушка нарами,
на борба права кинисај,
за правда и за слобода
на наш’та земја убава,
и мојта, мајко, освета!...
Еј, чуј ме, мајко, почуј ме,
од тебе нема по срећна,
на ваа земја пламната:
кој ке те види, погледне,
на мене ке ти завиди,
и ке си рече продума:
„Блазе на тиа, блазе им,
што рађат такви синои,
синои – горски арслани!“

Одредо „Гоце Делчев“ издаден
На Ванчо – „Сермен“

Зошто се гора потресе,
потресе - дори откорна,
сред бел ден и сред пладнина,
зошто ми робји вриснаа,
вриснаа - заби стиснаа
сред таа земја робинка –
сред наш’та Македонија?

Какво се чудо догоди,
каква не стрела прострели,
прострели - срце погоди?

Станете браќа, рипните,
со мили сестри заедно,
станите – веќе, не спите
здружите сили наедно,
станите, зар не гледате
душман ве живи раскинал,
раскинал - крв ви исмукал,

Станите браќа, рипните,
со мили сестри заедно,
и како змиа ранета
удрите сили наедно
врз ваш’те клети душмани -

фашисти црни, погани,
со една мисла - освета.
Там, браћа, в' гора зелена,
сред младос - китна дренова
Ванчо - млад јунак загина,
сред своj'та верна дружина,
сред својо одред јуначки,
од бесен шпијун предаден -
фашиско куче погано.

Се здале бесни кучиња,
одредо да го опколат,
опколат и го уништат,
одредо - полн со јунаци
за народ на смрт готови,
решени крв да пролеат.
Таман до него стигнаа,
изрипа Ванчо војвода,
растресе снага бунтовна,
размрда раци жилави,
засветна очи пламени,
и на другари извика:
„Удрите верни другари, -
у тиа страшни душмани,
удрите нека разберат
каква е сила народна!
Удрите, не се жалите!

Ако ли некој загине,
без жалба нека изди’не,
народо ке му заблази,
песни ке пее за него,
колена ке го спомињат,
на веки он ке живее...!“

Викна и рипна сред огин...
Наеднаш гора истрпна,
наеднаш слонце спепели,
спепели - сето истина,
фашиски куршум просвире,
со страшна сила арсланска,
Ванчо се јунак зарина
у црна земља робинка,
јуначка крв го попрска,
бујни се гради извија,
земја го прибра пречека
у свој’та вечна прегрдка...

Станете браћа, рипните,
со мили сестри заедно,
станите, веке не спите,
удрите сили наедно,
врз ваш’те клети душмани,
со една мисла - освета
за сите нивни злочини,
за Ванчо - арслан не виден

и одредо му јуначки
од бесен шпијун предаден -
фашиско куче погано

Станите браќа, рипните,
заедно рамо до рамо
со сите друзи народи -
еднашка крај да туриме
на тиа клети фашисти,
слобода да донесеме
на наш’та мајка робинка -
на наш’та Македонија...

## Борбата на Дренак

На Карпош

Студени магли над брда тежат,
и пече зимо - крвава рана,
трепет и ужас на душа лежат,
и трпне село в утрина слана.

Ни глас да пуштат кучиња лоши,
сал мажја, жени низ долот бегат
и пискат деца в нивните раци,
Дренак се гуши,
-Дренак се души -
железни клешти обрач го стегат!

Збрани од сите страни,
сурови
    и диви,
напаѓат - Дражиновите банди
на младите
    македонски партизани,
од Први
    Кумановски батаљон!

И цел ден пукот врие,
и цел ден бој се бие,
и ечат долови,
    брда,

а партизаните млади
со пушка во рака тврда
се борат
               гради со гради;
и песна сложна, смела,
како лавина врела,
се разли од брег до брег,
преку градови, села-
низ ширна земља цела
најави на цел свет-
со каква титанска сила
и каков ураган,
за својта земља мила
се бори п а р т и з а н...

И мрак се спушта
и ноќ се гроби,
а во боен ред,
со орлов поглед,
стиснати заби
и срце кое в гради не стои

извика Карпош -
               млад Командант:
- На јуриш, верни другари мои,
па како стрела
и како зрак -

прв јурна напред
в вечерен мрак!
По него
како планинска река,
со челик - гради,
срца разиграни
јурнаа напред
со сили млади
смелите
македонски партизани.
И ...Ураган страшен се дигна -
згрмеа машингевери,
свират куршуми врели,
а преко
долови,
вади,
камења,
огради,
скали,
низ дим
и праф,
без страф
јуришат
борците млади,
како тигрои рипат
и сипат
оловни зрна

врз таја неман црна -
Дражиновите банди!

И... обрачот се пукна...

Замират морни машингевери.
Пушките глу’нат.
Поштукната ноќта уплашено гази.
Трпни
и мрее
раскрвавен крај.

И штама цари.
А над мртвите другари
сто дваесе срца
со бол се наливат,
сто дваесе тупаници
со гнев се свиват,
за борба,
немилосрдна борба,
борба до крај!

# К а р п о ш
## I

Безумен Козјак истрпнал снага,
бујна му Китка смрштила чело,
в' рамнини пиштат ветрои ледни
и грч го грчи Билача село.

Бесните вие планински бури,
плачите мртви рамнини бели,
извивај клетви, народ поробен -
денес се јунак од тебе дели!

Кој не го знае Карпош војвода,
кој не е слушал песни за него -
бучна му Пчиња приказни шуми,
бунтовник - Козјак спомени чува!

Арслан му сковал карпена снага,
и ножај сторил от раци голи,
орел му горски изострил очи,
народ го прибрал в' своите поли.

Пламен е Карпош - век го не држи,
дружина води - врагој решети,
по гори, поља - на сите страни
бој крвав бие и народ свети!

Кој не го знае Карпош војвода,
кој не е слушал песни за него -
бучна му Пчиња приказки шуми,
бунтовник Козјак спомени чува!

## <u>Пробиштип</u>

<u>на Доне</u>

Ноќта е грозна,
ноќта е страшна,
фуртуна бесни, ветрои виат,
над снежни висој луњи се гонат
и долој в’ себе ужаси криат.
Ноќта е бурна,
ноќта е ледна,
разјарен вихор се живо коси,
ни волк да вијне - ни глас да гласи,
сал див-колона во ноќ се носи...
Јуначки борци с’ луњи се борат,
и сметој риат
и пат пробијат -
капнати,
смрзнати,
гладни
и боси!

* * *

Во темна полноќ Пробиштип мрее,
потаен огин в’ гради му тлее ...
И веднаш -
от тука...
          там,
низ дол
          и грм,
по венец стрм,
со огнен плам
          во огнени гради,
          се гргна лавината млада
          на третата бригада
          врз рудничките згради!
И грмеж страшен расцепи мрак.

Сред вриеж Доне разиграл срце,
во бој урипнал од сите прв,
по него скакат - арслани борци,
за народ спремни да леат крв.
И бумби трескат,
аутомати сипат,
земња се тресе,
воздух се цепи
          и буктат в’ пламен
                    крепосни згради,
фашисти мрзнат -
          крв им се лади -

храбрите борци в’ соби им рипат!
Наеднаш зрно куршумно свирна,
Доне се сруши, снага му папса,
стрчаја бргу другари верни
Доне се стресе, размрда раци
            и громко рече:
- Остајте, крвта нека ми тече,
на јуриш, напред, Карпош да се свети!“
И в’ страшен бес
фркнаја огин борци млади,
а бумби трескат,
аутомати сипат,
земња се тресе,
воздух се цепи
            и буктат в’ пламен крепосни згради
фашисти мрзнат -
            крв им се леди,
храбрите борци в’ соби им рипат!...

* * *

Во смртен ужас ноћта гасне,
и димат рани од забит нож,
над мртви дивој ден крвав расне
и исток роси аловен дош.

А секој пат
в’ ноћ бурна, ледна

и пејсаж сив,
на хумка една
крај Пробиштип,
се дига Доне
ко таен див,
и рој од борци крај него лети,
и глас му грми ко борбен зов:
- Остајте, крвта нека ми тече,
на јуриш, напред, Карпош да се свети!“

# <u>Кратово</u>

## I

Вечер е тиха, дремлива,
нечујно гора шумоли,
месец сред гранки сонуе,
звездите солзат на небо,
а рана пролет пргава,
разкрила убос моминска –
снага и -шума борова,
очи и - бистри кладенци,
лице и - пупка трендафил,
а коси - трава зелена.

Еј море, радос голема,
партизан в’ пролет да бидеш,
кога се шума разлисти
и зажуборат извори,
еј море, срећа безкрајна
в’ пролет низ гора да одиш,
грлото да го развиеш,
песни да пееш бунтовни
и врагот да го прогониш!...

Вечер е тиха, дремлива,
нечујно гора шумоли.
месец сред гранки сонуе,
и звезди солзат на небо.

Не оди долга колона,
не гази снага моминска,
на својте крила прнати
вила ги носи планинска!

II

Мртво е време,
          улици спиат,
воздухот над град олово тежи,
сред глуви ридој
          сред карпи неми
Кратово старо
          трпне,
                    се ежи,
врз игли лежи -
потајно црвој гради му ријат!

Куќите чмаат,
кучиња траат,
зора се кани
          рано да рани...
и тренут сал -
          еден рафал,
втори...
          трети...
                    и безброј пати...
Зоврива пукот
          от сите страни,

и долој ечат
и врагот стине -
сред чудо зине,
и огин ригат аутомати!
А долу -
в’ град,
со силен јад,
се слива
ко далга дива
победоносната
и геројска
македонска војска,
во еден
челичен ред
со братскио
Косовски одред!
И мини грмат и градот трешти
от темел летат државни згради,
во дим се страшни
улици прашни,
и пламен лиже и небо жари!

III

А там крај школо цементно,
од бели мугри утрини
до вечер бој се заврза;

от вонка, бие, напаѓа
јуначка војска Титова,
от натре, в’ очај паднала
се брани војска фашиска.
Куршуми зидој решетат,
в’ избите бумби трескаат,
војската штука, улавеј –
спремна е да се предава,
офицер - куче фашиско
со очи светка - не дава.

Титовци тогај рипнаа,
гламји во соба фрлија,
школото букна, распламте,
пол-комот почна да збори:
„Почујте браќа Бугари,
Бугари - наши другари,
зошто ле, крв да лееме,
за фашиските есапи,
ете ве огин зафаќа,
пламен ви лиже над глава,
за кого в’ него горите,
за кого млади живот давате?
Жени ве чекат катаден,
деца ви плачат пред порти,
а вие тука в’ тугина
за кого млади гинете?!

Фрлите пушки, патрони,
при нас си браќа, дојдите,
ко свои ќе ве приememe,
во наште редој народни,
и дружно бој ке водиме,
заедно ке ги гониме
тие фашиски изроди!“
Пол-комот молкна, затраа.
Времето стен
    оптегнат лук.
        Ни звук.

Не сал за миг –
и ...
школото шумно зашуме,
војска се натре нагрна
и в’ смртен страф се предава,
сите ти раце бацуват,
сите те силно прегрќат,
и плачат
    и пеат
        и се смеат -
безумни,
    среќни,
        диви:
„Простите браќа, другари,
простите не сме криви.

Вечер се спушта сонлива,
звезди пак солзат на небе,
а в’ старио град
батаљон „Левски“
строен е веќе -

Сто нови дивој,
сто нови штикој
на братскио
бугарски народ,
го цепат
небеснио свод!

Штампарница
„ГЛИГОРИЈЕВСКИ“
Куманово